**20151464137**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНАТА ПЛОВИДБА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 август 2015 година.

Бр. 08-3662/1
21 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНАТА ПЛОВИДБА**

Член 1

Во Законот за внатрешната пловидба („Службен весник на Република Македонија“ број 55/2007, 26/2009, 22/10, 23/11, 53/11, 155/12, 15/13, 137/13, 163/13, 42/14 и 166/14) во членот 299-а во ставот 2 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“.

Член 2

Во членот 300 став 1 во воведната реченица зборовите: „6.000 до“ се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за странското правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во странското правното лице.“

Во ставот 3 зборовите: „1.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „800 до 1200 евра“.

Член 3

Во членот 301 став 1 во воведната реченица зборовите: „6.000 до “ се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.“



www.pravdiko.mk

Во ставот 3 зборовите: „од една до пет години“ се заменуваат со зборовите: „до една година“.

Член 4

Во членот 301-а став 1 во воведната реченица зборовите: „4.000 до“ се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.“

Член 5

Насловот пред членот 302 и членот 302 се бришат.

Член 6

Во членот 303 став 1 во воведната реченица зборовите: „3.000 до“ се бришат.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за трговецот поединец, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во трговецот поединец.“

Во ставот 2 кој станува став 3 зборовите: „од една до пет години“ се заменуваат со зборовите: „до една година“.

Ставот 3 станува став 4.

Член 7

Во членот 303-а став 1 во воведната реченица зборовите: „2.000 до“ бришат.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за трговецот поединец, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во трговецот поединец.“

Во ставот 2 кој станува став 3 зборовите: „од една до пет години“ се заменуваат со зборовите: „до една година“.

Ставот 3 станува став 4.

Член 8

Членот 303-б се менува и гласи:

„За прекршоците од членот 301 став 1 алинеи 6, 10, 13, 17, 19, 22, 24, 25, 29 и 35 и членот 303 став 1 алинеи 6, 10, 13, 17, 19, 22, 24, 25, 29 и 36 на овој закон, инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба може на самото место да изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност на лице вработено во правното лице, односно на лицето вработено кај трговец поединец, со издавање на мандатен платен налог.

Инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба е должен да води евиденција за издадените мандатни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 2 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на мандатниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 3 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Формата и содржината на мандатниот платен налог ја пропишува министерот за транспорт и врски.“

Член 9

Во членот 304 став 1 во воведната реченица зборовите: „800 до 2.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „800 до 1.200 евра“.



www.pravdiko.mk

Член 10

Во членот 304-а став 1 во воведната реченица зборовите: „600 до 1.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „600 до 900 евра“.

Член 11

Во членот 304-б во ставот 1 зборовите: „300, 301, 303, 304 став 1 и 304-а“ се заменуваат со зборовите: „300, 301, 301-а, 303, 303-а, 303-в, 304 и 304-а“, а по зборовите: „постапка за порамнување“ се додаваат зборовите: „со издавање на прекршочен платен налог, освен во случаите утврдени во членот 303-б на овој закон. “

Во ставот 2 во првата реченица зборовите: „платен налог“ се заменува со зборот „прекршочен платен налог“ а во втората реченица зборовите: „платниот налог“ се заменуваат со зборовите: „прекршочниот платен налог“.

Во ставот 3 зборовите: „платниот налог“ се заменуваат со зборовите: „прекршочниот платен налог“.

Ставот 5 се менува и гласи:

„Инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.“

По ставот 5 се додаваат три нови става 6, 7 и 8 кои гласат:

„Во евиденцијата од ставот 5 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 6 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за транспорт и врски.“

Член 12

По членот 304-б се додава нов член 304-в кој гласи:

“Член 304-в

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице односно трговец поединец се врши согласно со Законот за прекршоците.“

Член 13

Подзаконските акти утврдени во овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 14

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за внатрешната пловидба.

Член 15

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.mk